**Градоначалник**

**Република Северна Македонија**
**Општина Неготино**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НЕГОТИНО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр 09-1470/7
22.07.2026 год
НЕГОТИНО

Врз основа на член 50 став (1) точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), во врска со Јавниот повик бр. 09-1470/1 од 02.07.2026 година за ангажирање на 3 (три) асистенти за потребите на проектот „Еднаков пристап до здравствена заштита за постарата популација во прекуграничната област: соочување со предизвикот на деменцијата – Elder Care“, финансиран преку Интеррег ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција 2021–2027, а врз основа на Предлогот на Комисијата за селекција бр. 09-1470/6 од 22.07.2026 година, Градоначалникот на Општина Неготино донесе

# ОДЛУКА

## за избор и ангажирање на кандидати по Јавен повик за ангажирање на асистенти за потребите на проектот „Elder Care“

### Член 1

Со оваа Одлука се врши избор и ангажирање на следните кандидати по Јавниот повик за ангажирање на асистенти за потребите на проектот „Elder Care“:

1. Иванка Петкова;
2. Радица Честојнова.

### Член 2

Избраните кандидати ќе бидат ангажирани како проектни асистенти за потребите на проектот „Elder Care“, согласно условите утврдени во Јавниот повик, проектната документација, договорот за ангажман и важечките законски прописи.

### Член 3

Постапката за избор беше спроведена од Комисијата за селекција, која изврши административна селекција, проверка на веродостојноста на доставената документација и интервју со кандидатите на ден 21.07.2026 година. Врз основа на извршената евалуација, Комисијата утврди дека кандидатите Иванка Петкова и Радица Честојнова ги исполнуваат сите услови предвидени во Јавниот повик и ги поседуваат потребните знаења, способности и компетенции за успешно извршување на предвидените работни задачи.

### Член 4

Со оглед дека со Јавниот повик беа предвидени три (3) извршители, а постапката успешно ја заврšија само двајца кандидати, едно работно место останува непополнето. За пополнување на преостанатото место ќе се постапи согласно проектните правила, договорните обврски и важечките законски прописи.

**Градоначалник**

**Република Северна Македонија**
**Општина Неготино**

**Член 5**

Се задолжува Одделението за управување со човечки ресурси да ги преземе сите потребни активности за подготовка на договорите за ангажман и реализација на оваа Одлука.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

По објавениот Јавен повик бр. 09-1470/1 од 02.07.2026 година за ангажирање на три (3) асистенти за потребите на проектот „Elder Care", Комисијата за селекција ја спроведе постапката согласно условите утврдени во јавниот повик. Во рамките на постапката беше извршена административна селекција на пријавените кандидати, проверка на веродостојноста на доставената документација и интервју со кандидатите на ден 21.07.2026 година. По извршената целокупна евалуација, Комисијата утврди дека кандидатите Иванка Петкова и Радица Честојнова во целост ги исполнуваат условите од јавниот повик и покажаа соодветни професионални компетенции, мотивација, комуникациски способности и подготвеност за работа со целната група на проектот. Комисијата до Градоначалникот достави Предлог за нивен избор и ангажирање. Бидејќи за трето предвидено место не беше избран кандидат кој успешно ја завршил постапката, истото останува непополнето, а за негово пополнување ќе се постапи согласно проектните правила и важечките прописи.

Имајќи го предвид наведеното, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Марија Нацева**

Изработил: Елизабета Камчева